**888.**

Врз основа на член 171 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12 и 155/12), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.2.2013 година, донесе

## УРЕДБА ЗА НАЧИНОТ, ОРГАНИЗАЦИЈАТА И СУБЈЕКТИТЕ НА ПОТРАГА И СПАСУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВ

Член 1

Со оваа уредба се уредува начинот, организацијата и субјектите на потрага и спасување на воздухоплов.

Член 2

Одделни поими употребени во оваа уредба го имаат значењето утврдено во Глава 1 на Анекс 12 – Потрага и спасување на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство кој согласно член 3 од Законот за воздухопловство се прифаќа и директно се применува (во натамошниот текст: Анекс 12 на ICAO).

Член 3

(1) Потрага и спасување на воздухоплов започнува по известување за воздухоплов во опасност (во натамошниот текст: тревога) доставено до Координативниот центар за спасување (во натамошниот текст: Центарот) добиено од:

1. субјектите на потрага и спасување од членовите 13 и 14 на оваа уредба;

2. сателитскиот систем за лоцирање на радиофарови за опасност COSPAS-SARSAT-MCC Bari Italy и

3. други лица кои биле очевидци или на друг начин дознале за воздухоплов во опасност.

Член 4

По добиено известување согласно член 3 на оваа уредба, се отпочнува со постапка на потрага и спасување на воздухоплов на начин утврден согласно со Глава 5 на Анекс 12 на ICAO и Прирачникот за потрага и спасување во меѓународното воздухопловство и поморство - ICAO Doc.9731 (International Aeronautical and Maritime Search and Rescue Manual), кој согласно член 3 од Законот за воздухопловство се прифаќа и директно се применува.

Член 5

(1) Во случај кога операцијата за потрага и спасување станува непрактична, а се смета дека се уште може да има преживеани, Центарот привремено може да ги прекине активностите во очекување на понатамошен развој на настаните на начин утврден согласно Анекс 12 на ICAO и за истото веднаш ги известува инволвираните субјекти.

(2) Доколку дополнително се добијат важни информации истите се проценуваат и кога тоа е оправдано и изводливо повторно се преземаат активности за потрага и спасување.

Член 6

(1) Операцијата за потрага и спасување завршува кога е добиена информација дека воздухопловот не е веќе во опасност, кога операцијата е успешно завршена или кога ќе се процени дека не постои никаква шанса патниците и екипажот на воздухопловот да се преживеани, односно кога ќе се утврди дека продолжување на операцијата за потрага и спасување е без никакви изгледи за успех.

(2) Одлуката за завршување на операцијата за потрага и спасување ја донесува Центарот кој веднаш ги известува сите инволвирани субјекти.

Член 7

(1) За навремено давање на услугите за потрага и спасување на воздухоплов во опасност на територијата на Република Македонија се организира Служба за потрага и спасување (во натамошниот текст: Службата).

(2) Службата се состои од:

- Центарот и

- Примарни, секундарни и специјализирани единици за потрага и спасување.

(3) Работите од својата надлежност Службата ги врши во рамките на територијата на Република Македонија, како регион на потрага и спасување – Скопје (Search and Rescue Region Skopje-SRR-Skopje).

(4) Службата се организира и работи согласно применливите стандарди и препорачани практики дадени во Глава 2 на Анекс 12 на ICAO и Прирачникот за потрага и спасување во меѓународното воздухопловство и поморство - ICAO Doc.9731 (International Aeronautical and Maritime Search and Rescue Manual).

Член 8

Службата ги врши следните работи:

- ги прима, потврдува и постапува по известувањата за воздухоплов во опасност;

- ги координира активностите во врска со лоцирање и потрага на исчезнат воздухоплов во границите на целата област на одговорност;

- ги координира активностите во врска со спасувањето и транспорт на преживеаните до безбедно место;

- организира медицински совети, првична медицинска помош или медицинска евакуација и

- презема превентивни мерки за спасување кога воздухоплов во лет е во состојба на опасност или кога постои закана по воздушниот сообраќај.

Член 9

(1) Центарот врши планирање, покренување, координирање, привремено прекинување и завршување на операциите за потрага и спасување во рамките на регионот на потрага и спасување – Скопје (Search and Rescue Region Skopje-SRR-Skopje).

(2) Центарот е составен од два постојани члена делегирани од Агенцијата за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: Агенцијата) и два постојани члена делегирани од давателот на услуги на воздухоп-

ловна навигација, од кои шефот на смена има улога на Дежурен координатор на операциите за потрага и спасување со оперативна должност од 24 часа.

(3) Дежурниот координатор на операциите за потрага и спасување од став (2) на овој член има оперативна функција за време на операција на потрага и спасување и ги врши следните активности:

- прибирање и процена на податоците во врска со тревогата;
- утврдување на најверојатна област на потрага;
- обезбедување на најнови податоци во врска со теренот и метеоролошките услови во најверојатна област на потрага;
- утврдување на бројот на лица, товар и видот на опремата за вонредна состојба во воздухопловот во опасност;
- изготвување на акционен план за потрага и акционен план за спасување;
- координација на активностите на единиците за потрага и спасување;
- назначува координатор на место на настан;
- координација со соседните координативни центри за спасување;
- разгледување на дополнително добиени податоци за настанот од било кој извор и менување на акционият план ако е потребно и
- известување на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

Член 10

Центарот треба да има подготвени и ажурирани податоци и изготвен оперативен план за водење на операции за потрага и спасување во рамките на регионот на потрага и спасување – Скопје (Search and Rescue Region Skopje-SRR-Skopje) донесен од Агенцијата и за координација со центрите на соседните земји согласно Глава 4, точки 4.1 и 4.2 на Анекс 12 на ICAO.

Член 11

(1) Со цел обезбедување на оперативно спроведување на операциите за потрага и спасување како оперативен дел на Службата од постоечките ресурси на Република Македонија се организираат примарни и секундарни единици за потрага и спасување кои треба да ги исполнат барањата од Глава 4, точка 4.3 на Анекс 12 на ICAO.

(2) Единиците за потрага и спасување од став (1) на овој член земаат учество во спроведувањето на операциите за потрага и спасување на воздухоплов во опасност согласно своите активности утврдени во членовите 13, 14 и 15 на оваа уредба.

Член 12

(1) Единиците за потрага и спасување од член 11 на оваа уредба ги активира Центарот во зависност од планираната операција за потрага и спасување и нејзиниот развој.

(2) Единиците за потрага и спасување на барање на Центарот ги ставаат на располагање на Службата потребните расположливи ресурси и земаат активно учество во операцијата за потрага и спасување.

Член 13

(1) Примарни единици за потрага и спасување од член 11 на оваа уредба се субјекти кои согласно својата локација, материјалниот и човечки потенцијал можат да земат учество во операции за потрага и спасување и тоа:

1) Агенцијата за цивилно воздухопловство која врши:
- организирање на капацитети за потрага и спасување од постоечките ресурси на Република Македонија;
- соработка со други служби согласно Глава 3, точка 3.2 на Анекс 12 на ICAO;
- соработка и координација со организациите за потрага и спасување на соседните и други земји на начин утврден во Глава 3, точка 3.1 на Анекс 12 на ICAO;
- објавување и обелоденување на податоците кои се неопходни за влез на единици на потрага и спасување од други земји на територијата на Република Македонија согласно Глава 3, точка 3.3 од Анекс 12 на ICAO;
- склучува спогодби за оперативна соработка на национално и меѓународно ниво од областа на потрага и спасување;
- координирање на не-оперативни активности како што се обуки и развој на политики и процедури за потрага и спасување;
- донесува оперативни планови за операции за потрага и спасување и програм за обука и вежбовни активности за персоналот на Центарот и
- надзор на начинот на работа на Координативниот центар за спасување.

2) Давателот на услуги на воздухопловна навигација кој врши:
- известување и тревожење на единиците за потрага и спасување;
- проценка на информациите за вонредната состојба и потребниот одговор;
- воспоставување на сообраќаен режим во воздушниот простор кога воздухоплов се наоѓа во вонредна состојба;
- обезбедување на расположливи информации за воздухопловот во опасност како план на лет, радарски запис, комуникација помеѓу пилот и контролор и други достапни податоци кои можат да влијаат на текот на изведување на операцијата за потрага и спасување;
- водење и координирање на операции за потрага и спасување и
- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

3) Министерството за одбрана, односно Армијата на Република Македонија кое под услови и начин утврдени во член 40 од Законот за одбраната:
- учествува со своите воздухопловни и копнени единици во воздухопловна и копнена потрага и евакуација на преживеаните;

- учествува со езерските и други специјализирани единици во операции на потрага и спасување на вода, планински и непристапни предели и

- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

4) Министерството за внатрешни работи кое:

- учествува со своите воздухопловни и копнени единици во воздухопловната и копнената потрага;

- учествува со езерските и други специјализирани единици во операции на потрага и спасување на вода, планински и непристапни предели;

- го обезбедува местото на несреќата, врши заштита на остатоците од воздухопловот и заштита на поширокиот локалитет околу местото на несреќата од пристап на неовластени лица;

- го регулира сообраќајот со цел да се овозможи побрз пристап на возилата и единиците за спасување;

- соработува ако е потребно со полициските служби на другите држави непосредно или преку Интерпол и

- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

5) Министерството за здравство кое:

- организира итна медицинска помош и приемен пункт;

- одредува приоритети во интервенциите и снабдување со лекови, опрема и медицински помагала за повредените;

- организира медицинска евакуација и болничка нега на повредените;

- учествува при идентификација на починатите и

- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

6) Министерството за надворешни работи кое:

- воспоставува контакти со владата на државата во која е регистриран воздухопловот од несреќата;

- ги известува странските дипломатски конзуларни претставништва во Република Македонија чии граѓани биле во воздухопловот за состојбата и последиците од воздухопловната несреќа;

- учествува при организирање на посети односно увид на странски дипломатско-конзуларни претставници и меѓународни организации на местото на несреќата и

- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

7) Центарот за управување со кризи кој:

- зема учество во операциите на потрага и спасување преку комуникација, координација и соработка со другите субјекти во Системот за управување со кризи;

- презема активности за известување и координација на Агенцијата за радијациона сигурност и радијациони настани, епидемиолошките и токсиколошките служби и инспекциските служби за заштита на животната средина во случај на несреќа на воздухоплов кој превезувал опасни материи и

- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

8) Дирекцијата за заштита и спасување која:

- зема учество во операциите за потрага и спасување на воздухоплов во опасност;

- зема учество во извлекување на повредени и загинати лица, укажување на прва помош и транспорт до соодветните здравствени установи;

- зема учество во отстранување на последиците предизвикани од воздухопловна несреќа и

- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

9) Општинските противпожарни единици кои вршат:

- гасење на пожарот и спасување од пожари и експлозии;

- спасување на приклештени и блокирани патници;

- помош при подготовка на повредените за транспорт и други општо спасувачки задачи и

- други работи поврзани со потрага и спасување;

10) Капетанијата на пристаништа која врши:

- ангажирање и координирање на пловните објекти евидентирани во регистарот на Капетанијата за операции на потрага и спасување на вода и

- други работи поврзани со потрага и спасување.

(2) Примарните единици согласно Глава 4, точка 4.4 на Анекс 12 на ICAO изготвуваат план за обука и вежбовни активности на нивните единици во сегментите на нивното учество во операциите за потрага и спасување со цел да се постигне и одржува нивото на подготвеност и ефикасност.

Член 14

(1) Секундарните единици од член 11 на оваа уредба се субјекти кои поради тоа што не се соодветно лоцирани, односно кои со својот материјален и човечки потенцијал не можат да се квалификуваат како примарни единици, но кои во определени ситуации со мали модификации или опремување можат да земат учество во операциите за потрага и спасување.

(2) Во секундарни единици од став (1) на овој член спаѓаат:

1) Воздухопловната федерација на Република Македонија која зема учество во операциите за потрага и спасување со воздухоплови и персонал од Аеро клубовите членки на федерацијата;

2) Црвениот крст на Македонија кој зема учество во операциите за потрага и спасување со копнени спасувачки единици, комуникациска мрежа, единици за прва помош и евакуација;

3) Операторот на аеродромот кој е одговорен за организирање на аеродромските служби за дејствување во случај на воздухоплов во опасност на самиот аеродром или во рамките на аеродромската зона согласно планот за вонредни настани и

4) Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и установи, планинарските клубови, спортските и професионалните асоцијации и здруженија, невладините организации и други правни и физички лица кои со своите расположливи ресурси можат да земат учество во операциите на потрага и спасување на воздухоплов во опасност.

Член 15

(1) Во операциите на спасување не се поместуваат остатоците од воздухопловот освен ако е тоа потребно за спасување на преживеаните и пренесување на почи-

натите лица. Во овој случај се обележува првобитната позиција на поместените делови со цел зачувување на трагите кои се значајни за испитување на несреќата.

(2) Остатоците од воздухопловот настанати како резултат на воздухопловни несреќи на територијата на Република Македонија, по завршување на истрагата за несреќата се отстрануваат или уништуваат од страна на операторот на воздухопловот.

(3) По исклучок од став (2) на овој член доколку присуството на остатоците од воздухопловот настанати како резултат на воздухопловни несреќи на територијата на Република Македонија претставува опасност или погрешно ги насочува понатамошните операции на потрага и спасување, Агенцијата ги исцртува на мапите за потрага и спасување.

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за условите и начинот на потрага по воздухоплов и спасување на воздухоплов („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/01).

Член 17

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-921/1
26 февруари 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**889.**

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05, 150/07, 35/11 и 166/12), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.2.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука, на досегашниот корисник Министерство за култура му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

1. Скулптура „Три врби во Река Вардар", од автор: Искра Димитрова, со димензии: 240/240см и висина 400 см, поставена во три армирано-бетонски жардињери во форма на квадратни призми, под агол од 45 степени во однос на течението на река Вардар, обложени од надворешна страна и горна површина на ѕидовите со полиран инокс, на локација според микролокациски услови (графички прилог од ДУП централно градско подрачје на град Скопје „Мал Ринг" Општина Центар Скопје), обезбедена со Решение за изградба на уметничка скулптура бр.27-3461/2 од 6.9.2010 година, издадено од Општина Центар.

Член 2

Движната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Националната установа Музеј на современата уметност – Скопје.

Член 3

Министерот за култура склучува договор со директорот на Националната установа Музеј на современата уметност - Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 на оваа одлука која се дава на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-108/1
26 февруари 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**890.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.2.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МАНГАН НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ТАЈМИШТЕ ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА, ПРОМЕТ И УСЛУГИ КИЧЕВО НА ЛОКАЛИТЕТОТ „СТОГОВО"- ОПШТИНА ДЕБАРЦА, ОПШТИНА ДРУГОВО, ОПШТИНА ДЕБАР И ОПШТИНА СТРУГА**

1. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – манган на Акционерското друштво ТАЈМИШТЕ производство, преработка, промет и услуги Кичево на локалитетот „Стогово"- општина Дебарца, општина Другово, општина Дебар и општина Струга бр. 41-65/1 од 9.1.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2013), престанува да важи заради неплаќање на понудениот еднократен надоместок за доделената концесија за експлоатација во износ од 47.962.600,00 денари.